Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 17-4782/1
07-07-2021 20___ год.-vit'e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОГРАМА
## за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година

Скопје, јули 2021 година


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Врз основа на член 3 од Одлуката за формирање Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите(„Службен весник на Република Македонија" бр.114/17), Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите на седницата одржана на 07.07.2021 година, донесе

## ПРОГРАМА

**за работа на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година**

Со оваа Програма се утврдуваат резултатите и тематските прашања кои што Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст: ИРКСГ) ќе ги разгледува и ќе развие насоки за подобрување во 2021 година, вклучувајќи ги временската рамка и бројот на седници.

Во периодот 2021-2023, работата на ИРКСГ ќе биде насочена кон ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики, преку развивање насоки за подобрувања на институционалните/организациски аспекти за воведување на родовата перспектива и насоки за одговор на предизвиците за унапредување на положбата на жените и родовата еднаквост.

Во однос на институционалните подобрувања, клучен фокус на работата на ИРКСГ ќе бидат тековните реформи на јавната администрација, вклучувајќи го и управувањето со јавните финансии со цел да се обезбеди ефикасност, ефективност и отчет во спроведувањето на законските обврски на сите субјекти за планирање и спроведување на мерки и обезбедување ресурси за унапредување на родовата еднаквост, вклучувајќи ја и потребата од реформирање на институционалната структура (родовата машинерија).

Воедно, во својата работа ИРКСГ ќе ги има предвид претстојните процеси на известување за напредокот во спроведувањето на меѓународните обврски за унапредување на правата на жените, како и процесите на пристапување кон ЕУ.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Во поглед на секторските/програмските политики, ИРКСГ ќе се фокусира на следење и влијание врз процесот на утврдување на владините приоритети за 2021 година и обезбедување родово одговорни политики со јасно формулирани специфични цели, мерливи резултати и соодветни мерки за решавање на најгорливите предизвици во одделни области во плановите и буџетите на одделните ресори, кои се идентификувани врз основа на спроведени анализи. Во рамките на овие активности се предвидува спроведување на консултативни процеси со високи претставници од извршната власт и специфични тематски седници со учество на поширока група релевантни актери.

| Општа цел – Координирано дејствување преку унапредување на политиките на Владата и поединечните субјекти во извршната власт во областа на родовата еднаквост, женските права и поврзани прашања. | | | |
|---|---|---|---|
| Исход –Институционални /организациски подобрувања за унапредување на ЕМЖМ | | | |
| **Излезен** Резултат | **Тема/прашање за разгледување на седница** | **Број на седници** | **Временска рамка** |
| Заклучоци и препораки за навремено и квалитетно следење и известување за спроведување на обврските за унапредување на ЕМЖМ од страна на одговорните субјекти | Дискусија по предлог Стратегија за родова еднаквост 2021-2026, Информација за родово буџетските инцијативи | 1 | Јули |
| Исход- Подобрувања на ниво на вклучување на ЕМЖМ во секторски политики | | | |
| Усогласени приоритети и потребни ресурси за 2021 | | 2 | септември |


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Утврден степен на усвоени препораки | Разгледување на плановите и буџетите | | октомври, ноември, декември |

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

КООРДИНАТОР
**м-р Габриела Маџоска**

јули, 2021
Скопје


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk